Врз основа на член 99 став 3 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕТО НА РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И СРЕДСТВАТА ОД МАТЕРИЈАЛНА ОБВРСКА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот на пополнувањето на резервниот состав на силите за заштита и спасување со воени обврзници во резерва и средствата од материјална обврска.

Член 2

Пополнувањето на резервниот состав на силите за заштита и спасување се врши од воените обврзници во резерва од евиденцијата што се води при Министерството за одбрана и граѓаните кои имаат должност да учествуваат во силите за заштита и спасување.

### 1. Пополнување на силите за заштита и спасување со воени обврзници во резерва

Член 3

Организациони единици за заштита и спасување (во понатамошниот текст ракувачот на планот) во соработка со Министерството за одбрана прави избор на воените обврзници, им соопштува распоред и ги запознава со правата и должностите во силите за заштита и спасување.

Член 4

Пополнувањето на резервниот состав на силите за заштита и спасување се врши врз основа на План-барање за пополна (Образец Ц-1) што се изготвува од страна на ракувачот на планот, и го доставува до Дирекцијата за заштита и спасување.

Во планот- барањето за пополна се внесуваат податоците, на обврзниците кои се распоредени во силите за заштита и спасување и тоа: потребните воено евиденциски специјалности, можната замена на воена евиденциска специјалност, вид на образование, знаења кои одговараат на потребите на формациското место, мобилизациското собиралиште, видот на единицата, бројна ознака, време на мобилизација, старосната граница до која се пополнува, кој е извршителот на пополната и бројна состојба.

Член 5

За пополнување на Републичките сили за заштита и спасување со резервни офицери , ракувачот на планот и извршителот за евиденција во Министерството за одбрана вршат избор на резервни воени старешини кои се водат како нераспоредени во евиденцијата .

Член 6

За пополнување со резервни офицери од страна на ракувачот се изготвува план за пополнување,во кој се содржат: видот на единицата , бројна ознака, мобилизациско собиралиште, време на мобилизација, старосна граница на воените обврзници, вид на образование, знаење, воено евиденциска специјалност кои одговараат на потребите на формациската должност (Образец Ц-2).

Член 7

Подофицер или војник во резерва може да се распореди на старешинска должност во силите за заштита и спасување доколку неговиот вид на образование, знаење, воена евиденциска специјалност одговараат на потребите на формациското место.

Член 8

Ракувачот на планот, пополнува преграден картон (Образец ПКСЗС-7), изготвува покани за повикување во случај на мобилизација (Образецот Ц-4 ) во три примероци кои се распоредуваат според системот на мобилизациско повикување (Образец Ц-.3).

Член 9

Разрешувањето од должност на воените обврзници во Републичките сили за заштита и спасување се врши на начин како и при нивното поставување (Образец Ц-6).

## 2. Пополнување со обврзници на резервниот состав на силите за заштита и спасување со граѓани

Член 10

За одредени формациски должности во Републичките и Просторните сили за заштита и спасување се распоредуваат граѓани кои имаат должност да учествуваат во силите за заштита и спасување.

Член 11

Изборот, распоредувањето и разрешувањето од формациската должност во Републичките сили за заштита и спасување го вршат организационите единици за заштита и спасување од евиденцијата на граѓаните.

Член 12

Изборот, распоредувањето и разрешувањето од должност на припадниците на просторните сили за заштита и спасување го вршат единиците на локална самоуправа.

Изборот и распоредувањето на должност на припадниците на просторните силите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија и јавни установи и служби се врши од страна на основачите на силите за заштита и спасување кои ги формирале за свои потреби, пред се од редот на вработените, доколку има потреба и од евиденцијата.

Разрешувањето од должност на припадниците на силите за заштита и спасување од став 2 на овој член се врши од страна на субјектите што ги имаат формирано силите за заштита и спасување.

Член 13

За обврзниците кои се распоредуваат во Републичките сили за заштита и спасување се изготвува матичен картон на (Образецот Ц-9) и единечен картон (Образец бр.Ц- 10).

Член 14

Ракувачите на плановите за пополна на штабовите и единиците за заштита и спасување што ги формираат единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, јавни установи и служби, вршат подготовки за активирање на сопствените сили воспоставувајќи систем на самоповикување со покана.

Член 15

Обрасците Ц-1, Ц- 2, Ц- 3, Ц- 4, Ц- 6, Ц-9, Ц- 10 и ПКСЗС-7 се составен дел на оваа уредба.

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 16

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-389/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**Образец Ц - 1**

# П Л А Н – Б А Р А Њ Е

за пополна со в/о во резервниот состав на СЗС

| |
|---|
| ВИД НА ЕДИНИЦАТА |
| ______________________ |
| ______________________ |
| ЈАЧИНА |
| |

| |
|---|
| Бројна состојба: |
| Моб. собиралиште |
| ______________________ |
| Време на мобилизација |
| Се пополнува до ___________ год. |

| |
|---|
| Пополна дава регионална или подрачна ОЕ |
| |

| Име, татково име и презиме | Стручна подготовка | Воено евиденциска специјалност | Распореден на должност |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | | | |

____________ ____________

П О Т П И С

__________________________ ______________________

Образец Ц-2

# П Л А Н – Б А Р А Њ Е

за пополна со воени старешини во резервен состав
на единиците на заштита и спасување во
Република Македонија

| ВИД НА ЕДИНИЦАТА |
| --- |
| __________________________ |
| __________________________ |
| ЈАЧИНА |
| |

| Бројна состојба: |
| --- |
| Моб. собиралиште |
| __________________________ |
| Време на мобилизација |
| Се пополнува до __________ год. |

| Пополна дава |
| --- |
| Одд. за одбрана на МО |
| |

| Име, татково име и презиме | Стручна подготовка | Воено евиденциска специјалност | Должност |
| --- | --- | --- | --- |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | | | |

____________ ____________

П О Т П И С

__________________________ ________________________

Образец Ц-3

# ФОРМАЦИСКИ ПРЕГЛЕД

**на единиците на силите на заштита и спасување**
**формирани за потребите на Републиката**
**на територија на ОЕ________________**

| Ред. бр. | Формациска ознака-назив | Број на ознака (шифра) | Јачина | Пополна дава ОЕ | Број на припадници |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |

____________ ____________ П О Т П И С

____________________________ ________________________

Образец Ц-4

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Организациона единица ______________________
Бр.________од____________________________ год

Броен израз
на единицата ___________
________________________
(име на единицата)

**П О К А Н А**
за мобилизација

За _________________________________ , роден __________________________год.

адреса на живеење (престој) ул.________________________________________________

број на телефон ________________________ мобилен тел. број _______________________

ВЕДНАШ да се јавите во единицата ______________________________________________

која се наоѓа на мобилизациското собиралиште____________________________________

_____________________________.

ЗАБЕЛЕШКА:

1. Во случај на спреченост, се задолжувате да го известите овој орган Вие лично или член на семејството.

2. Во случај да се наоѓате на работа, член од Вашето семејство е должен да Ве повика на телефон или на друг најбрз начин (ако нема телефонска врска).

3. Неотповикувањето на оваа покана повлекува одговорност согласно член 124 став 1 точка 2 од од Законот за одбрана а во врска со член 70 од наведениот закон.

4.Да са прочита упатсвото од задната страна.

М.П. ОВЛАСТЕН РАБОТНИК

____________________________

---

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ОЕ ____________________________________

**П О Т В Р Д А**

Јас _____________________________________________ го потврдувам приемот на оваа покана за мобилизација на Единица бр. ________ на ден ____________ година доставена во ________часот.

ПОТПИС НА ВРАЧУВАЧОТ _________________________

ПОТПИС НА ПРИМАЧОТ _________________________

У П А Т С Т В О

1. По приемот на поканата веднаш, по најкраток пат упатете се во единицата во која сте распоредени.

2. Со себе поднесете лична карта, воена книшка, здравствена легитимација и прибор за одржување на лична хигиена и одржување на чевли и облека.

3. Бидете облечени во службената униформа.

Образец Ц-6

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Стр.дов.бр. ___________________
од___________________________ година

Врз основа на член 111 став 2 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04 и бр. 49/04) Директорот на дирекцијата за заштита и спасување донесе

# НАРЕДБА

1. Се разрешува од должност во Републичките сили за заштита и спасување формирани во ОЕ на ДЗС ___________________________________
следниот-ите старешина-и

| Ред. број | Презиме, татково име, име и дата на раѓање | Чин и ВЕС | Број на ознака на единицата во која е распореден | Број на наредбата за поставување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | |
| | | | | |

2. Оваа наредба стапува во сила веднаш.

ДИРЕКТОР

____________ 200 ____година ____________________

Образец Ц-9

# МАТИЧЕН КАРТОН

|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

(ЕМБГ)

1. ______________________________________ 2. __________

(презиме, татково име, име) (пол)

3. Датум на раѓање ____________________ 4. ______________

(место на раѓање,

____________________ 5.Живее ______________________

општина) (место,

________________________________________________

улица и број, општина)

________________________________________________

(со евидентирање на промени)

6. Број на лична карта__________________ 7. Оценка на способноста за

учество во СЗС ______________________________________

______________________________________

со број ______________ датум ______________________

8. Школска подготовка ______________________________________

9. Вработен во______________________________________

(назив на РО)

10. Отслужил воен рок од ______________ до______________ или

регрутирал на друг начин ______________________________________

11. ______________________________________

(број на книшка на СЗС)

12.______________________________________

(должност за учество во СЗС)

________________________________________________

________________________________________________

Датум__________ 200 _____год ______________________

(потпис на овластеното лице)

Образец Ц-10

# ЕДИНЕЧЕН КАРТОН

|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

(ЕМБГ)

1. ____________________________________________

(презиме, татково име, име)

2. ____________________________________________

(датум на раѓање) (место на раѓање, општина, град, држава)

3. ____________________________________________

(место на живеење, адреса, општина)

4. ____________________________________________

(школска подготовка, занимање, вработен во)

5. ____________________________________________

(знаења и хоби значајни за распоред во СЗС)

6. ____________________________________________

(крвна група и РХ фактор)

7. ____________________________________________

(оценка на способност за учество во СЗС)

8. ____________________________________________

(број на книшка во СЗС) (собирно место )

9. ____________________________________________

(големина на облека, чевли и заштитна маска М-1)

10. ____________________________________________

(датум на соопштување на распоредот)

11. ____________________________________________

(податоци и вид на обука)

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

Датум__________ 200 _____год ______________________

(потпис на овластеното лице)

Образец ПКСЗС-7

# ПРЕГРАДЕН КАРТОН

Броен назив на ЕЗС _________________________ ; ОЕ_________________________
Мобилизациско собиралиште _____________________________________________
Командир на единицата _____________дом.тел. ________моб.тел. _________

| ВЕС | План бара | Пополнето со в/о | | | | План бара |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 35 г. | до 45г. | до 55 г. | Вкупно | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

___________ ___________ П О Т П И С

________________________ ____________________